**Одговор**
**на забелешки/коментари/известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На констатациите утврдени во Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност на тема "Начин на водење на музејска евиденција во националните и локалните установи и заштита на музејските предмети " бр. 14-153 од 28.09.2015 година, добиени се забелешки од повеќе институции кои беа предмет на ревизија и тоа:

- на ден 06.11.2015 година добиени се коментари и забелешки од раководното лице Елизабета Канческа Милевска на Министерството за култура на РМ, заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-153/43 од 06.11.2015 година;
- на ден 05.11.2015 година добиено е известување од раководното лице Виктор Л.Адамс на Управата за заштита на културното наследство, заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-153/42 од 05.11.2015 година;
- на ден 27.10.2015 година добиено е известување од раководното лице Елиза Шулевска на НУ Музеј на современата уметност – Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-153/40 од 27.10.2015 годин;
- на ден 03.11.2015 година добиено е известување од раководното лице Емил Сламков на НУ Музеј Гевгелија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-153/41 од 03.11.2015 година и
- на ден 16.11.2015 годиена добиени се сугестии и препораки од раководното лице Исмет Мехмети на Национална установа –Природонаучен музеј на Македонија Скопје по истекот на рокот за забелешки.

Забелешките доставени од Министерството за култура се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во **глава 1 – Основи податоци точка 3.3.** која се однесува на надлежните институции- музеи во РМ, претставува **известување** за причините кои довеле ЗЗСК и Музеите да продолжат да функционираат како едно правно лице.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точка 1.1.** која се однесува на целосноста, навременоста и соодветноста на музејската евиденција, **не се прифаќа,** од причина што цитираниот Закон за користење и располагање со ствари во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, се применува од 21.05.2015 година, додека согласно член 73 од истиот, започнатите постапки за давање, за престанок и давање на користење, размена, продажба и закуп на недвижни и движни ствари, до денот на

влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според законот по кој се започнати.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точка 1.1.3.** која се однесува на одредени слабости утврдени во законските и подзаконските акти со кои се регулира музејскта дејност, **не се прифаќа** од причина што ревизијата констатира дека во ЗЗКН не е утврден временскиот период во кој движните археолошки наоди пронајдени со археолошките истражувања треба да се предадат на јавната музејска установа во случај кога истата **е носител на** дозволата за археолошки истражувања (член 61), додека пак упатените забелешки се повикуваат на членовите 59-а и 60 од ЗЗКН кои се однесуваат на превентивните мерки за заштита и условите за донесување на решение од страна на УЗКН за привремено запирање на истражувањата и одземање на дозволата за археолошки истражувања.

   За констатираните состојби во истата точка, кои се однесуваат на утврдените слабости на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезна книга, картотека и другите видови на музејска евиденција и музејска документација, дадено е известување за мерките кои се преземале и кои ќе бидат преземени во иднина со цел измени и дополнувања на овој правилник.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точка 1.2.** која се однесува на ревизија на музејските предмети, претставува известување за мерките кои ќе се преземат во однос на точка **1.3.- Попис на музејски предмети**, а во врска со точка 1.2 за вршење на ревизија на музејските предмети е наведено дека музеите биле должни да донесат соодветен општ акт со кој ќе го пропишат начинот на кој ќе ја вршат ревизијата.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точка 1.4.** кои се однесуваат на стандардите за определување на видовите на музеите, за нивната работа, за сместување и чување на музејски предмети **не се прифаќа**, бидејќи со упатената забелешка се образложуваат причините поради кои збирките кои ги поседуваат матичните, националните и општите локални музеи немаат добиено статус на културно наследство од особено значење односно статус на значајно културно наследство, што не ја менува утврдената состојба во нацрт извештајот.

6. Забелешката на констатираните состојби во **точка 2.2.2.** која се однесува на условите во објектот Музеј на Илинденското востание и Крушевската Република **не се прифаќа**, од причина што состојбите истакнати во забелешките се веќе обелоденети во нацрт извештајот.

7. Забелешката на констатираните состојби во **точка 2.2.3.** која се однесува на правниот основ за отстапување на музејски предмети за постојаната поставка на НУ Археолошки музеј на Македонија од другите музеи во

Македонија, претставува **известување** за мерките кои ќе се преземат во насока на измена на законската регулатива.

8. Забелешката на констатираните состојби во **точка 2.2.4** која се однесува на целокупната постапка за прогласување на културното наследство од особено значење, не претставува забелешка туку **образложение** за начинот на функционирање и работа на Националниот совет и УЗКН, како и преземените мерки за измена на законската регулатива во однос на текот на постапката за прогласување на културно наследство од особено значење.

9. Забелешката на констатираните состојби во **точка 2.3** која се однесува на донесување на основни акти за заштита на музејските предмети и акти за заштита од незаконски дејствија, вооружен судир и природни непогоди, претставува **известување** за мерките кои ќе бидат преземени за надминување на утврдените состојби со имплементација на одредбите од Законот за музеите од 2015 година, како и образложение за овластувањата и одговорностите на Управата за заштита на културното наследство.

10. Забелешката на констатираните состојби во **точка 3.1.** која се однесува на кадровската екипираност на музеите, претставува **известување** за преземените мерки за зголемување на стручниот и административно-техничкиот кадар во музеите во изминатиот период особено во периодот од 2010 до 2015 година.

11. Забелешката на констатираните состојби во **точка 3.2** која се однесува на техничката опременост на музеите претставува **известување** за мерките кои биле преземени и проектите кои ќе се реализираат во период од 2015 до 2017 година во насока на осовременување на депоата и постојаните поставки во музеите на РМ, како и условите во новоотворените музеи.

12. Забелешката на констатираните состојби во **точка 3.2.1** која се однесува на средствата одобрени за реализација на проектите од национален интерес од областа на културата, претставува **известување** за начинот на зголемувањето и намалувањето на одобрената сума за одделни проекти во комуникација меѓу музејските установи и Министерството за култура.

Забелешките доставени од Управата за заштита на културносто наследство се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 2.2.4.** која се однесува на постапката за прогласување на збирките за културно наследство од особено значење **се прифаќа**, поради следното:

- Во Нацрт извештајот за состојбата во ЛУ Народен музеј Велес е констатирано дека, за доставените елаборати во текот на 2008 година до Министерството за култура и Управата за заштита на културното наследство, до денот на ревизијата не е добиен писмен документ за понатамошниот тек на постапката. Во прилог на забелешките на Нацрт извештајот од УЗКН на ревизија и се доставени два документа и тоа: Известување бр.09-1698/1 од 15.06.2011 година и Ургенција бр.09-1400/1 од 13.04.2013 година со кои се укажува дека е неопходно да се извршат корекции на доставените елаборати. Од 2013 година до денот на ревизијата не се преземени дополнителни активности за продолжување на текот на постапката за прогласување на збирките за културно наследство од особено значење. Наведената состојба ќе биде обелоденета во конечниот извештај.

- Во Нацрт извештајот за состојбата во НУ ЗЗСК и Музеј Струмица е констатирано дека по поднесените елаборати во 2006 година за ревалоризација на " Збирка на археолошки предмети од антика" и "Збирка на предмети од археолошките локалитети Царево поле, Драгулево и Укуслово", добиени се два извештаи за извршена ревизија на елаборатите во кои се дава предлог за прогласување на збирките за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење. До денот на вршење на ревизијата не се донесени Одлуки од Владата на РМ. Во прилог на забелешките на Нацрт извештајот од УЗКН на ревизија и е доставена Ургенција бр.09-1400/15 од 03.04.2013 година со која се укажува дека е неопходно да се извршат корекции на доставените елаборати. Од 2013 година до денот на ревизијата не се преземени дополнителни активности за продолжување на текот на постапката за прогласување на збирките за културно наследство од особено значење. Наведената состојба ќе биде обелоденета во конечниот извештај.

- Во Нацрт извештајот за состојбата во НУ Музеј Куманово е констатирано дека за поднесените елаборати во 2008 година за ревалоризација на збирки движно културно наследство, до денот на ревизијата не се добиени извештаи за извршена ревизија на елаборатите. Во прилог на забелешките на Нацрт извештајот од УЗКН на ревизија и е доставена Ургенција бр.09-1400/14 од 03.04.2013 година со која се укажува дека е неопходно да се извршат корекции на доставените елаборати. Од 2013 година до денот на ревизијата не се преземени дополнителни активности за продолжување на текот на постапката за прогласување на збирките за културно наследство од особено значење. Наведената состојба ќе биде обелоденета во конечниот извештај.

Дадената препорака во Нацрт извештајот која се однесува на преземање на мерки и активности од страна на музеите и УЗКН во поглед на ефикасното спроведување на процедурата за ревалоризација на збирките културно наследство, останува непроменета од причина што и покрај дополнително доставените документи од страна на УЗКН, процесот на прогласување на културно наследство од особено значење се уште не е завршен.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 2.3.2** која се однесува на донесување на акти за заштита на културното наследство, односно План за превентивна заштита на културното наследство од незаконски дејствија и План за итна акција во случај на незаконски дејствија **не се прифаќа**, поради тоа што наведените акти во забелешките, ревизијата ги имаше во предвид и за истите е подетално образложено во точката 2.3.1. и 2.3.2..

Забелешките доставени од НУ Музеј на современата уметност се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во **Преглед бр.1** која се однесува на состојби поврзани со имплементацијата на електронската музејска евиденција и Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книга на инвентар, излезна книга, картотека и други видови на музејска евиденција и музејска документација за евиденција **не се прифаќа**, поради тоа што електронската евиденција која се наведува во забелешките е предвидена согласно проектот кој се однесува на формирање на Центар за дигиализација, чие основање е финансирано од страна на Италијанската влада и супервизија на канцеларијата за култура на УНЕСКО и не е предмет на оваа ревизија.

2. Забелешката на констатираните состојби во **Преглед бр.1** која се однесува на водењето на Влезна книга, Излезна книга и Каталог на музејски предмети како дел од основната музејска евиденција **не се прифаќа**, поради тоа што во НУ Музеј на современа уметност програмата за електронската музејска евиденција не ги обезбедува сите податоци кои треба да ги содржи Влезната и Излезната книга предвидени со член 7 и член 13 од Правилникот. Во однос на водењето на Каталог на музејски предмети, со извршениот увид во компјутерската програма за водење на музејска евиденција која ја користи НУ Музеј на современа уметност и обезбедените доказни материјали, констатирано е дека самиот софтверски програм не овозможува водење на Каталог на музејски предмети, а од дополнително доставените документи приложен кон поднесените забелешки на Нацрт извештајот, може да се забележи дека истите се примероци од Влезната книга и Инвентарната книга.

3. Забелешката на констатираните состојби во **Преглед бр.1,** која се однесува на целосноста и сеопфатноста на електронската музејска евиденција **се прифаќа**, поради тоа што настаната е техничка грешка при категоризација на утврдените состојби, која ќе биде одстранета со изготвување на конечниот извештај во чиј состав е Прилогот бр.1.

4. Забелешката на констатираните состојби во **Преглед бр.1** која се однесува на водењето на Книга на изложби **не се прифаќа**, поради тоа што во член 14 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезна книга, картотека и другите видови на музејска евиденција и музејска документација, наведени се сите податоци кои е потребно да ги содржи електронската книга на изложби, од дополнително доставените документи приложен кон поднесените забелешки на Нацрт извештајот, може да се констатира дека насловите од досега одржаните изложби се хронолошки запишани во Word документ, кој не ги обезбедува бараните податоци согласно Правилникот. Исто така од извршениот увид во компјутерската програма констатирано е дека самото софтверско решение не дава можност за водење на електронска Книга на изложби.

Забелешките доставени од НУ Музеј Гевгелија се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 2.2.3.** која се однесува на музејските предмети на НУ Музеј Гевгелија кои се одстапени за постојаната поставка на НУ Ареолошки музеј на Македонија **се прифаќа**, поради тоа што согласно Договорот склучен помеѓу УЗКН и НУ Музеј Гевгелија и Одобрението за привремено одстапување на музејски предмети издадено од УЗКН, покрај наведените предмети во Нацрт извештајот, е и еден предмет од збирката „ Раноантичка камена и метална пластика од археолошкиот ликалитет Вардарски рид „. Наведената состојба ќе биде обелоденета во конечниот извештај.

2. Забелешката на констатираните состојби во **Прилог бр.1** која се однесува на инвентарните броеви **не се прифаќа**, поради тоа што во насока на воспоставување на електронска музејска евиденција извршена е реинвентаризација на музејските предмети, односно стариот инвентарен број на секој музејски предмет се заменува со нов инвентарен број чие означување е со кирилско писмо и арапски бројки согласно Правилникот. Од извршениот увид во НУ Музеј Гевгелија, констатирано е дека по извршената реинвентаризација, старите инвентарни броеви прикачени/запишани на музејските предмети, не се заменети со новите инвентарни броеви.

Забелешките доставени од НУ Природонаучен Музеј на Македонија се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во точката 2.1. која се однесува на заштитната евиденција како инструмент за заштита на културното наследство се прифаќа, поради тоа што музејските предмети во надлежност на Природонаучниот музеј на Македонија, не подлежат на заштитна евиденција согласно Законот за заштита на културното наследство.